# Состојба со COVID-19 во Северна Македонија и светот

## СОСТОЈБА СО COVID-19 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – 07.09-13.09.2020

Тестирани се вкупно 8.353 материјали во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање за присуство на SARS-CoV-2, намалување од 14.2% во однос на минатата недела. Регистрирани се вкупно 705 нови позитивни случаи од 33 градови во државата (Табела 1) со намалување од 10,8% во однос на минатата недела. Најголем дел од регистрираните случаи се од Скопје (n=202; 28,7%), а највисока неделна инциденца е регистрирана во Крива Паланка - 96,2/100.000 (Картограм 1).

***Табела 1.*** *Дистрибуција на заболени од COVID-19 по ЦЈЗ/ПЕ, РС Македонија, 07.09-13.09.2020*

| ЦЈЗ/ПЕ | Број на заболени | Починати |
|---|---|---|
| **Скопје** | 202 | 2 |
| **Куманово** | 64 | |
| **Тетово** | 51 | 3 |
| **Прилеп** | 37 | 4 |
| **Гостивар** | 36 | 3 |
| **Струга** | 34 | 4 |
| **Охрид** | 32 | 5 |
| **Кочани** | 30 | |
| **Крива Паланка** | 23 | |
| **Штип** | 23 | 1 |
| **Делчево*** | 23 | 1 |
| **Струмица** | 21 | 1 |
| **Битола** | 20 | |
| **Гевгелија**** | 16 | |
| **Виница** | 12 | |
| **Кавадарци** | 12 | |
| **Велес** | 10 | |
| **Дебар** | 8 | 1 |
| **Свети Николе** | 8 | |
| **Македонски Брод** | 7 | 1 |
| **Пробиштип** | 7 | |
| **Ресен** | 6 | |
| **Берово** | 5 | |
| **Радовиш** | 5 | 1 |
| **Кичево** | 4 | |
| **Пехчево** | 4 | |
| **Валандово** | 2 | |
| **Неготино** | 1 | |
| **Кратово** | 1 | |
| **Крушево** | 1 | |
| **Вкупно** | **705** | **27** |

* *1 случаи од Македонска Каменица*

*** 1 случаи од Дојран, 3 случаи од Богданци*

***Картограм 1**. Инциденца на 100.000 жители, COVID-19, 07.09-13.09.2020, Р.С. Македонија*




Регистрирани се заболени лица во сите возрасни групи. Најзастапен е возраснита група на лица на возраст над 60 (n=173, 22,0%). Голем број на заболени се регистрира и кај лицата во возрасните групи од 50-59 и 30-39 по (n=136; 19,3%), 40-49 (n=107; 15,2%) и 20-29 (n=98; 14,0%). Најмал број е регистриран кај децата од 0-9 (n=19; 2,7%) и 10-19 години (n=36; 5,1%).

Во однос на дистрибуцијата по пол, пријавени се 328 (46,5%) лица од женски и 377 (53,5%) од машки пол.

Од случаите кои се епидемиолошки истражени (n=681; 96,6%), регистрирани се 127 (18,6%) хоспитализирани (намалување од 3,8% во споредба со минатата недела), а кај 227 (33,3%) лица е регистрирано присуство на коморбидитети.

Од вкупниот број на нови случаи, 221 (31,3%) имаат контакт со потврден случај. Регистрирани се 32 лица со историја на патување (во последни 14 дена).

По добиени 2 негативни теста за присуство на SARS-CoV-2 или со употреба на новиот алгоритам, како оздравени се водат 709 лица кои биле хоспитализирани или на домашно лекување.

Пријавени се 27 смртни случаи од 12 градови (Табела 1), зголемување од 35,0% во однос на минатата недела. Во однос на возраста, 19 лица биле над 60 години, 6 на возраст од 50-59 и два од 40-49 години.  Од починатите 25 лица биле хоспитализирани. Коморбидитети се регистрирани кај 23 починати лица.

## КУМУЛАТИВНА СОСТОЈБА СО COVID-19 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Заклучно со 13.09.2020, пријавени се вкупно 15.827 случаи на COVID-19 (I=764,9/100.000). Според место на постојано живеење/ повремен престој, случаи на COVID-19 се регистрирани во 35 градови/ЦЈЗ низ државата. Најголем дел регистрирани во Скопје, Куманово, Тетово и Штип, додека највисок морталитет се регистрира во Струга, Дебар, Куманово, Штип, Македонски Брод, Тетово и Скопје. Од градовите каде што е регистриран поголем број на случаи највисок леталитет се регистрира во Струга (Табела 2).

***Табела 2.*** *Кумулативна дистрибуција на заболени од COVID-19 по ЦЈЗ/ПЕ, РС Македонија, 2020*

| Дистрибуција по ЦЈЗ/ПЕ | Вкупно | Инциденца /100 000 | Умрени (вкупно) | Морталитет/ 100 000 | Леталитет |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **15.827** | **764,9** | **652** | **31,5** | **4,1%** |
| **Скопје** | 6.323 | 1.023,7 | 249 | 40,3 | 3,9% |
| **Куманово** | 1.605 | 1.124,8 | 64 | 44,9 | 4,0% |
| **Тетово** | 1.304 | 652,8 | 81 | 40,5 | 6,2% |
| **Штип** | 1.205 | 2.287,7 | 24 | 45,6 | 2,0% |
| **Гостивар** | 856 | 714,7 | 44 | 36,7 | 5,1% |
| **Струга** | 627 | 924,1 | 53 | 78,1 | 8,5% |
| **Прилеп** | 562 | 589,6 | 34 | 35,7 | 6,0% |
| **Охрид** | 395 | 704,0 | 18 | 32,1 | 4,6% |
| **Свети Николе** | 309 | 1.506,4 | 1 | 4,9 | 0,3% |
| **Кичево** | 290 | 507,4 | 14 | 24,5 | 4,8% |
| **Велес** | 288 | 434,7 | 14 | 21,1 | 4,9% |
| **Дебар** | 268 | 965,6 | 13 | 46,8 | 4,9% |
| **Битола** | 245 | 240,4 | 6 | 5,9 | 2,4% |
| **Кавадарци** | 202 | 469,4 | 2 | 4,6 | 1,0% |
| **Кочани** | 190 | 396,1 | 4 | 8,3 | 2,1% |
| **Ресен** | 153 | 935,7 | 5 | 30,6 | 3,3% |
| **Делчево*** ** | 126 | 524,1 | 3 | 12,5 | 2,4% |
| **Струмица** | 103 | 108,7 | 4 | 4,2 | 3,9% |
| **Пробиштип** | 97 | 633,9 | 0 | 0,0 | 0,0% |
| **Виница** | 94 | 483,9 | 2 | 10,3 | 2,1% |
| **Гевгелија**** | 89 | 258,8 | 0 | 0,0 | 0,0% |
| **Македонски Брод** | 84 | 750,2 | 5 | 44,7 | 6,0% |
| **Крива Паланка** | 83 | 347,0 | 2 | 8,4 | 2,4% |
| **Берово** | 73 | 561,4 | 2 | 15,4 | 2,7% |
| **Демир Хисар** | 60 | 716,2 | 2 | 23,9 | 3,3% |
| **Радовиш** | 52 | 159,5 | 2 | 6,1 | 3,8% |
| **Неготино*** | 49 | 208,8 | 2 | 8,5 | 4,1% |
| **Пехчево** | 42 | 841,2 | 0 | 0,0 | 0,0% |
| **Кратово** | 24 | 250,8 | 0 | 0,0 | 0,0% |
| **Крушево** | 18 | 188,9 | 2 | 21,0 | 11,1% |
| **Валандово** | 11 | 92,8 | 0 | 0,0 | 0,0% |

*11 лица се од Демир Капија **8 лица се од Дојран, 14 од Богданци, 12 странски државјани ***27 случаи се од Македонска Каменица

Највисока кумулативна инциденца на 100.000 жители се регистрира во Штип со 2.287,7 на 100.000 жители, Свети Николе (1.506,4/100.000), Куманово (1.124,8/100.000) и Скопје (1.023,7/100.000) , додека инциденца со над 500 заболени на 100.000 жители е регистрирана во Дебар, Ресен, Струга, Пехчево, Македонски Брод, Демир Хисар, Гостивар, Охрид, Тетово, Пробиштип, Прилеп, Берово, Делчево и Кичево (Табела 2, Картограм 2).

***<u>Картограм 2</u>*. *Инциденца на 100.000 жители, COVID-19, Р.С. Македонија***




Во однос на дистрибуцијата по пол, регистрирани се 8.019 машки и 7.808 женски лица. Специфичниот морбидитет кај машките е 773,6/100.000, додека кај женските 756,1/100.000.

Возраста на заболените се движи од 0 до 99 години (просек – 44,2 години). Најголем број на заболени се на возраст над 60 години – 3.501 (22,1%) со инциденца од 913,4/100.000, а највисока специфична инциденца од 1058,1/100.000 се регистрира на возрасната група од 50-59 години (2.942 заболени). Најниска инциденца од 240,3 и 301,7 на 100.000 жители се регистрира кај деца на возраст од 0-9 и 10-19 години, каде се пријавени 550 и 755 случаи соодветно (Графикон 1).

***<u>Графикон 1</u>. Дистрибуција на заболените од COVID-19 според возрасна група, (n=15.827)***




Во однос на датумот на пријавување, првиот случај е регистриран на 26.02.2020. Највисок број на пријавени случаи на дневно ниво (n=243) е регистриран на 17.07.2020 (Графикон 2).

***<u>Графикон 2.</u> Дистрибуција на заболените од COVID-19 во С. Македонија според ден на лабораториска дијагностика и начин на стекнување на болеста, 2020 година (n=15.827)***



Од 11-тата недела во 2020 континуирано се регистрираат нови потврдени случаи. Пикот е достигнат во 28-мата недела (n=1.074) (Графикон 3).

***<u>Графикон 3.</u>*** *Дистрибуција на заболените од COVID-19 во С. Македонија според недела на лабораториска дијагностика, 2020 година (n=15.827)*




Од случаите кои се епидемиолошки истражени (n=15.793; 99,8%), 19,8% (n=3.124) се/биле хоспитализирани во текот на болеста, а останатите биле/се на домашно лекување, асимптоматски или со полесна клиничка слика.

Според извештаите од болниците кои пристигнаа до ИЈЗ (КИБФС, ГОБ 8-ми Септември, ИБЗД Козле, Клинички болници Штип, Тетово и Битола, Општи болници Прилеп, Куманово, Охрид, Гостивар, Струга, Струмица, Велес, УК за гинекологија и акушерство и Систина), моментално се хоспитализирани 297 лица, а од нив 84 се на кислородна поддршка и 10 на инвазивна/неинвазивна механичка вентилација.

Во однос на симптомите кои се пријавени кај заболените лица, најчесто се регистрирани температура (65,4%), малаксаност (42,3%), кашлица (38,7%), главоболка (15,2%), болка во грло (14,7%), ослабен осет за мирис и/или вкус (11,5%), треска (11,4%) и отежнато дишење (10,6%).

Од случаите кои се епидемиолошки истражени (n=15.793; 99,8%), кај 4.117 или 26,1% од дијагностицираните лица не се регистрирани симптоми на заболувањето.

Од случаите кои се епидемиолошки истражени (n=15.793; 99,8%), пријавени се 140 (0,9%) случаи кај бремени жени, од кои 40 биле хоспитализирани во текот на болеста. Шеесет од регистрираните се асимптоматски случаи.

Во однос на коморбидитети, од случаите кои се епидемиолошки истражени (n=15.793; 99,8%), кај 4.756 (30,1%) лица се присутни хронична/и здравствени состојби, од кои 3.279 лица имаат кардиоваскуларна болест, 1.303 дијабет, 682 се со хронична белодробна болест и 878 со други хронични болести. Од хоспитализираните случаи, кај 1.834 (58,7%) се присутни коморбидитети.

Од случаите кои се епидемиолошки истражени (n=15.793; 99,8%), регистрирани се 891 (5,6%) случај на заболување меѓу здравствени работници.

Регистрирани се 652 смртни случаи (Лт = 4,1%). Во однос на дата на смрт најголем број на смртни случаи се регистрирани на 19.06.2020 и 27.06.2020 година (n=12), а според недела на пријавување во тек на 25-тата недела (n=54) (Графикон 4). Од регистрираните смртни случаи, најголем дел се на возраст над 60 години (n=474) каде е регистриран и највисок специфичен морталитет – 123,7/100.000 жители. Регистрирани се 408 смртни случаи кај лица од машки и 244 кај лица од женски пол. Од починатите, кај 525 (80,5%) се регистрирани коморбидитети, најчесто кардиоваскуларна болест (n=396), дијабет (n=187) и белодробна болест (n=97). Регистрирани се три смртни случаи кај бремени жени и шест смртни случаи кај здравствени работници. Четириесет и четири (6,7%) од пријавените случаи починале во вонболнички услови, а останатите 608 (93,3%) починале за време на хоспитализација.

***<u>Графикон 4.</u>*** *Дистрибуција на смртни случаи од COVID-19 во С. Македонија според дата на смрт, 2020 година (n=652)*




Од случаите кои се епидемиолошки истражени (n=15.793; 99,8%), 390 (2,5%) се импортирани, од нив 8 лица се детектирани на точка на влез, а последниот импортиран случај е регистриран на 12.09.2020. Вкупно 6.614 лица (41,9%) имале контакт со веќе потврден случај на COVID-19 во државата.

Од 15.02.2020 до 13.09.2020 тестирани се вкупно 166.349 материјали (детектирани 15.827 позитивни лица) во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање за присуство на SARS-CoV-2 (Табела 3). Со ова во Р. С. Македонија се направени 80.397 тестови на 1.000.000 жители.

***Табела 3.*** *Вкупен број на тестови направени за COVID-19 во Р.С. Македонија (n=166.356)**

| Кумулативен број на тестови | Вкупно тестови | Вкупно позитивни | Тестови скрининг | Позитивни скрининг | Тестови рутина | Позитивни рутина |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО** | **166.356** | **15.827** | **4.982** | **24** | **161.374** | **15.803** |
| **ИЈЗ - Вирусологија** | 73.040 | 8.722 | 3.226 | 22 | 69.814 | 8.700 |
| **ЦЈЗ Скопје** | 2.121 | 248 | 0 | 0 | 2.121 | 248 |
| **Авицена** | 14.712 | 1.153 | 0 | 0 | 14.712 | 1.153 |
| **Биотек** | 16.447 | 788 | 0 | 0 | 16.447 | 788 |
| **Жан Митрев Клиника** | 22.201 | 1.458 | 0 | 0 | 22.201 | 1.458 |
| **Систина** | 17.385 | 819 | 0 | 0 | 17.385 | 819 |
| **Лаор** | 1.247 | 67 | 0 | 0 | 1.247 | 67 |
| **МАНУ** | 12.084 | 1.872 | 1.756 | 2 | 10.328 | 1.870 |
| **Ветеринарен Факултет** | 755 | 81 | 0 | 0 | 755 | 81 |
| **Судска медицина** | 564 | 7 | 0 | 0 | 564 | 7 |
| **ЦЈЗ Битола** | 4.055 | 465 | 0 | 0 | 4.055 | 465 |
| **КИБФС** | 914 | 112 | 0 | 0 | 914 | 112 |
| **ГАК** | 824 | 28 | 0 | 0 | 824 | 28 |

*7 лица се лабораториски потврдени во странство

Според исходот од заболувањето, 1.858 лица (11,7%) се активни случаи, 13.317 случаи (84,1%) се водат како оздравени (817 од нив се здравствени работници и 119 се бремени жени), испишани од болница, со 2 негативни теста по домашното лекување или по новиот алгоритам (Табела 4, Графикон 5). Од случаите кои се водат како оздравени, 2.112 (15,9%) биле хоспитализирани додека останатите 11.205 (84,1%) биле на домашно лекување.

***Графикон 5.*** *Дистрибуција на заболените од COVID-19 во С. Македонија според исход и вкупен број, 2020 година (n=15.827)*



***Табела 4.*** *Исход на заболување по градови, Р.С. Македонија (n=15.827)*

| Дистрибуција по град | Болест во тек | Оздравен | Смртен исход | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Скопје** | 535 | 5.539 | 249 | 6.323 |
| **Куманово** | 191 | 1.350 | 64 | 1.605 |
| **Тетово** | 118 | 1.106 | 81 | 1.305 |
| **Штип** | 72 | 1.109 | 24 | 1.205 |
| **Гостивар** | 93 | 719 | 44 | 856 |
| **Струга** | 63 | 511 | 53 | 627 |
| **Прилеп** | 133 | 395 | 34 | 562 |
| **Охрид** | 57 | 319 | 18 | 394 |
| **Свети Николе** | 19 | 289 | 1 | 309 |
| **Кичево** | 29 | 247 | 14 | 290 |
| **Велес** | 18 | 256 | 14 | 288 |
| **Дебар** | 35 | 220 | 13 | 268 |
| **Битола** | 47 | 192 | 6 | 245 |
| **Кавадарци** | 30 | 170 | 2 | 202 |
| **Кочани** | 54 | 132 | 4 | 190 |
| **Ресен** | 6 | 142 | 5 | 153 |
| **Струмица** | 44 | 55 | 4 | 103 |
| **Делчево** | 66 | 30 | 3 | 99 |
| **Пробиштип** | 20 | 77 | | 97 |
| **Виница** | 28 | 64 | 2 | 94 |
| **Македонски Брод** | 12 | 67 | 5 | 84 |
| **Крива Паланка** | 38 | 43 | 2 | 83 |
| **Берово** | 30 | 41 | 2 | 73 |
| **Гевгелија** | 46 | 21 | | 67 |
| **Демир Хисар** | 1 | 57 | 2 | 60 |
| **Радовиш** | 9 | 41 | 2 | 52 |
| **Пехчево** | 27 | 15 | | 42 |
| **Неготино** | 4 | 32 | 2 | 38 |
| **Македонска Каменица** | 15 | 12 | | 27 |
| **Кратово** | 5 | 19 | | 24 |
| **Крушево** | 2 | 14 | 2 | 18 |
| **Богданци** | 7 | 7 | | 14 |
| **Демир Капија** | | 11 | | 11 |
| **Валандово** | 3 | 8 | | 11 |
| **Дојран** | 1 | 7 | | 8 |
| **ВКУПНО** | **1.858** | **13.317** | **652** | **15.827** |

## ПРОЦЕНА НА РИЗИК ЗА ПОНАТАМОШНО ШИРЕЊЕ НА COVID-19

Проценката на СЗО на глобално ниво и на ниво на Европски Регион за понатамошно ширење на COVID-19 кажува дека ризикот е висок.

Според категоризацијата на ризикот од СЗО, се проценува дека:

- Скопје, Тетово и Куманово се во фаза 4 (широко-распространета трансмисија во заедницата).
- Гостивар, Прилеп, Струга, Охрид, Кочани, Делчево и Крива Паланка се во фаза 3 (локализирана трансмисија).
- Останатиот дел од Република Северна Македонија е во фаза 2 (спорадични случаи).

На Табела 5 е даден моментален приказ на активните случаи по општини во региони во кои се регистрира широко-распространета трансмисија во заедницата.

***<u>Табела 5.</u>*** *Активни случаи од COVID-19 по општини, Скопје, Тетово и Куманово (n=844)*

| Град/ општина | Активни случаи | Град/ општина | Активни случаи |
|---|---|---|---|
| **Скопје** | **535** | **Куманово** | **191** |
| *Аеродром* | *87* | *Куманово* | 187 |
| *Гази Баба* | *73* | *Липково* | 4 |
| *Центар* | *70* | **Тетово** | **118** |
| *Карпош* | *67* | *Тетово* | *80* |
| *Чаир* | *53* | *Теарце* | *18* |
| *Кисела Вода* | *52* | *Јегуновце* | *8* |
| *Бутел* | *38* | *Боговиње* | *6* |
| *Ѓорче Петров* | *22* | *Желино* | *5* |
| *Сарај* | *17* | *Брвеница* | *1* |
| *Студеничани* | *13* | | |
| *Шуто Оризари* | *12* | | |
| *Илинден* | *10* | | |
| *Арачиново* | *9* | | |
| *Петровец* | *4* | | |
| *странец* | *3* | | |
| *Чучер Сандево* | *2* | | |
| *Сопиште* | *2* | | |
| *Зелениково* | *1* | | |

## СОСТОЈБА СО COVID-19 ВО СВЕТОТ

Согласно последните податоци објавени од СЗО, заклучно со 06.09.2020:

Број на потврдени случаи на глобално ниво **– 27.032.617**

Број на смртни случаи на глобално ниво **– 881.464**

- Регион на СЗО Америка
  - Потврдени случаи – 14.117.712
  - Смртни случаи – 486.843
- Европски Регион на СЗО
  - Потврдени случаи – 4.508.390
  - Смртни случаи – 222.577
- Регион на СЗО Југоисточна Азија
  - Потврдени случаи – 4.787.009
  - Смртни случаи – 84.542
- Источно-Медитерански Регион на СЗО
  - Потврдени случаи – 2.010.549
  - Смртни случаи – 53.082
- Африкански Регион на СЗО
  - Потврдени случаи – 1.088.204
  - Смртни случаи – 23.101
- Регион на СЗО Западен Пацифик
  - Потврдени случаи – 520.012
  - Смртни случаи – 11.306

## УПАТСТВА И ПРЕПОРАКИ ЗА ЈАВНОСТА

- ✓ За повеќе информации од видот на најчесто поставувани прашања, вистини и митови во врска со корона вирусот можете да прочитате на

http://www.iph.mk/prasanja-i-odgovori-za-korona-virusot/

- ✓ Општите препораки од СЗО за превенција на болеста можете да ги најдете на следната страна

http://www.iph.mk/preporaki-od-szo/

- ✓ За препораките за патници кои доаѓаат/ се враќаат од ризични земји во Македонија

http://www.iph.mk/korona-preporaki/
http://www.iph.mk/preporaki-za-patnici-koi-doagaat-od-rizicni-regioni-so-covid19/

- ✓ Препораки како да се заштитите себе си

http://www.iph.mk/covid-19-kako-da-se-zastitite-sebesi/

- ✓ Доколку некој близок има симптоми слични на тие со болеста, можете да го прочитате СЗО упатството за домашно лекување на сомнителните случаи на

http://www.iph.mk/upatstvo-za-ncov/

- ✓ За упатства за здравствените работници

http://www.iph.mk/posteri-corona-zr-lzo-i-mienje-race/
http://www.iph.mk/kontrola-na-infekcija-covid19-lzo/

- ✓ Веб страна на Министерство за здравство поврзано со COVID-19

http://zdravstvo.gov.mk/korona-virus/

- ✓ Веб страна Владата на РСМ поврзано со COVID-19

https://vlada.mk/covid19

**ИНФОРМАЦИЈА ЗА ЈАВНОСТА**

Лицата кои имаат симптоми на грип или симптоми слични на грип (покачена температура над 38°С, треска, отежнато дишење, болки во градите, сува кашлица и др.), од страна на избраниот лекар прво да се прашаат за можен контакт со потврден случај. Избраниот лекар закажува термини за тестирање.

**Само доколку лицето со симптоми патувало во земја со висок ризик или среден ризик или имал контакт со потврден случај да се упатува да се јават на бесплатниот телефонски број за прашања поврзани со коронавирусот.**

**0800 002 03**

Скопје, 14.09.2020

***Оддел за епидемиологија на заразни болести***
***Институт за јавно здравје***